РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-539/2
12-02-2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 76 став 2 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019,) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава, на дваесет и шестата седница одржана на ден седми февруари 2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси во постапка за вработување на седум лица во Национална установа, бидејќи наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 09-3021/1 од 07.06.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3021/1 од 07.06.2019 година е оформен по пријава од познат пријавител во која е наведено дека во Национална установа се вработени седум лица кои се во блиски роднински и пријателски врски со тогашната директорка на установата.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба, согласно своите законски надлежности пристапи кон прибавување на потребните податоци и информации, при што се обрати до Државниот инспекторат за труд како институција која е надлежна да изврши инспекциски надзор врз постапките за вработување и да утврди дали има прекршување на законските одредби врз основа на кои е спроведен огласот за вработување.

По доставеното барање за вршење инспекциски надзор, Државниот инспекторат за труд до Државната комисија достави Известување по барање во кое што е констатирано дека огласот за вработување на седум лица е спроведен согласно годишниот план за пополнување на работни места и согласно законските одредби, при што обезбедени се сите потребни согласности непосредно пред неговото објавување. Заради спроведување на законита постапка во соработка со надлежното Министерство, оформена била и комисија која требала да ги спроведе законските дејствија до оформувањето на одлуката за избор.

Покрај горенаведеното, Државниот инспекторат за труд по извршениот инспекциски надзор констатира и дека не се забележани елементи кои укажуваат на било каква блискост на директорката на установата по однос на роднинство или пријателство со било кој од кандидатите пријавени на огласот, а кои сега веќе се вработени во институцијата, што укажува на тоа дека не постојат основи за сомневање за постоење на судир на интереси.

Имено, во прилог на Известувањето по барање, Државниот инспекторат достави и заверена фотокопија од Записник кој е составуван рачно во просториите на установата, а се однесува на констатираната фактичка состојба и подетално е објаснето за условите кои се бараат за секоја работна позиција.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на седми февруари 2020 година заклучи дека преземени се сите неопходни дејствија за прибирање на потребните документи и информации, а со цел


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

утврдување на фактичката состојба и со тоа се исцрпени законските надлежности согласно кои Државната комисија може да постапува.
Известувањето добиено од Државниот просветен инспекторат како надлежна институција за вршење на инспекциски надзор и записниците кои се доставени во прилог од извршениот надзор, укажуваат на тоа дека при спроведување на огласот за вработување испочитувани се сите законски и процедурални прописи, како и дека кандидатите пријавени на огласот за вработување со кои е склучен договорот за вработување не се во роднински и пријателски врски со поранешната директорка на Националната установа.

Од вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи постапувањето по предметот со број 09-3021/1 од 07.06.2019 година да се запре и истиот да се затвори и архивира.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Изработил:
м-р Ема Нешкоска - Соработник
Одобрил:
м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК